# ANALYSES OF THE TRADE RELATIONS BETWEEN THE REPUBLIC OF NORTN MACEDONIA AND UKRAINE

**Emilija Miteva-Kacarski**
“Goce Delcev” University-Stip, Faculty of Economics, Republic of North Macedonia
emilija.miteva@ugd.edu.mk
**Kostadinka Panova**
“Goce Delcev” University-Stip, Republic of North Macedonia kostadinka.cabuleva@ugd.edu.mk

**Abstract:** Ukraine is one of the countries with which the Republic of North Macedonia has signed a bilateral free trade agreement. Taking into account this fact, in this paper it has been made an analysis of the value, dynamics and structure of the foreign trade between the Republic of North Macedonia and Ukraine for the time period of 2012-2021. It has been also analyzed the competitiveness of Macedonian products at the Ukrainian market so that the product categories with a comparative advantage can be determined, using the Standard International Trade Classification and the Balassa Index. The results of the analysis point to the fact the Republic of Macedonia has a comparative advantage in the export of food and live animals, as well as the beverages and tobacco.
**Keywords:** The Republic of North Macedonia, Ukraine, foreign trade, comparative advantage, Balassa Index.

# АНАЛИЗА НА ТРГОВСКИТЕ РЕЛАЦИИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И УКРАИНА

**Емилија Митева-Кацарски**
Универзитет “Гоце Делчев” Штип, Економски факултет, Република Северна Македонија
emilija.miteva@ugd.edu.mk
**Костадинка Панова**
Универзитет “Гоце Делчев” Штип, Република Северна Македонија
kostadinka.cabuleva@ugd.edu.mk

**Резиме:** Укарина спаѓа во земјите со кои Република Северна Македонија има потпишано билатерална спогодба за слободна трговија. Имајќи го предвид тој факт, во овој труд е направена анализа на вредноста, динамиката и структурата на надворешнотрговската размена меѓу Република Северна Македонија и Украина за временскиот период 2012-2021 година. Анализирана е и конкурентноста на македонските производи на украинскиот пазар заради утврдување на категориите на производи со компаративна предност преку користење на Балаша индексот и Стандардната меѓународна трговска класификација. Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека Република Северна Македонија поседува компаративна предност во извозот на категоријата храна и живи животни, како и категоријата пијалоци и тутун.
**Клучни зборови**: Република Северна Македонија, Украина, надворешнотрговска размена, компаративна предност, Балаша индекс.

## 1. ВОВЕД

Еден од начините во насока на поддршка на извозот се трговските мултилатерални и билатерални договори. Република Северна Македонија има склучено договори за либерализација на трговијата како што се Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ, ЕФТА, ЦЕФТА, билатерални договори со Турција и Украина, а воедно е и членка на Светската трговска организација од 2003 година. Овие договори овозможуваат пристап до пазар од преку 650 милиони потрошувачи. За значењето на овие договори во насока на унапредување на трговската размена укажува самиот факт што над 90% од трговската размена на земјата е токму со овие земји. Може да се заклучи дека само отворањето на каналите на соработка и либерализација на трговијата со одредени региони и земји, доведува до засилена економска соработка со истите. Отвореноста кон голем број пазари и земји придружена од соодветно валоризирање на компаративните предности што ги има нашата земја ќе доведе до поголемо ниво на странски инвестиции, подобрен трговски биланс, поголем извоз, нови работни места, зголемена продуктивност и подобрување на животниот стандард на граѓаните. Билатералната трговска соработка меѓу Република Северна Македонија и Украина е воспоставена со Договорот за трговска и економска соработка, потпишан на 3 јуни 1997 година, а

кој почнал да се применува од 6 февруари 1998 година како и со Договор за слободна трговија потпишан на 18 јануари 2001 година, со примена од 10 септември 2001 година**.**

## 2.ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И УКРАИНА

Надворешно трговската размена меѓу Репбулика Северна Македонија и Украина е презентирана во табела 1:

***Табела 1. Трговската размена меѓу Репбулика Северна Македонија и Украина (во евра)***

| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|
| Извоз | 14 050 407 | 17 030 106 | 7 156 906 | 6 037 415 | 6 036 345 |
| Увоз | 67 255 808 | 69 631 057 | 79 859 829 | 46 042 968 | 41 765 025 |
| Вкупно | 81 306 215 | 86 661 163 | 87 016 735 | 52 080 383 | 47 801 370 |
| Суфицит/Дефицит | -53 205 401 | -52 600 951 | -72 702 923 | -40 005 553 | -35 728 680 |
| Покриеност на увозот со извоз | 20.89 | 24.45 | 8,96 | 13.11 | 14.45 |
| | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** |
| Извоз | 5 867 046 | 8 302 493 | 11 345 297 | 10 117 212 | 15 541 833 |
| Увоз | 62 025 098 | 104 613 768 | 124 447 495 | 89 736 178 | 127 514 539 |
| Вкупно | 67 892 144 | 112 916 261 | 135 792 792 | 99 853 390 | 143 056 372 |
| Суфицит/Дефицит | -56 158 052 | -96 311 275 | -113 102 198 | -79 618 966 | -111 972 706 |
| Покриеност на увозот со извоз | 9.45 | 7.93 | 9.11 | 11.27 | 12.18 |

Извор: State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=14&rbrObl=23

Анализирајќи ги презентираните параметри во табела 1, се доаѓа до констатацијата дека најголем обем на трговска размена меѓу двете земји е реализиран во 2021 година. Меѓусебната трговска размена во 2021 година изнесува 143 милиони евра. Анализата на надворешно трговската размена меѓу двете земји, укажува на трговски дефицит на македонска страна во анализираниот временски период. Согласно Стандардната меѓународна трговска класификација –ревизија 4, извозот од Република Северна Македонија во Украина во апсолутни износи, е прикажан во табела 2:

***Табела 2. Извоз од Република Северна Македонија Македонија во Украина (во евра)***

| **Производи** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | 1231184 | 2185161 | 1784178 | 199949 | 663958 |
| Пијалаци и тутун | 915006 | 197709 | 76736 | 169531 | 710739 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 1140 | 66131 | - | 57297 | 30151 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 1399 | - | 1024 | 800 | - |
| Животински растителни масла, масти и восоци | - | - | - | - | - |
| Хемиски и сродни производи | 1286467 | 566076 | 505366 | 788352 | 832320 |
| Производи класирани според материјалот | 9370553 | 13199155 | 2162249 | 182037 | 423959 |
| Машини и транспортни уреди | 1193735 | 790125 | 2599376 | 4609088 | 3235559 |
| Разни готови производи | 50941 | 25749 | 2926 | 19173 | 10843 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | - | - | 25050 | 11187 | 128815 |
| Вкупно | 14050407 | 17 030 106 | 7 156 906 | 6 037 415 | 6 036 345 |
| **Производи** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** |
| Храна и живи животни | 1119620 | 1690314 | 1842388 | 1909263 | 2722472 |
| Пијалаци и тутун | 485727 | 179058 | 1163621 | 487994 | 1308090 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 30948 | 105784 | 67818 | 56638 | 121427 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Минерални горива, мазива и сродни производи | - | 1101 | - | 1400 | 2915 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | - | - | - | - | - |
| Хемиски и сродни производи | 1626173 | 2974403 | 4513926 | 4277341 | 5783926 |
| Производи класирани според материјалот | 235896 | 428903 | 457566 | 541003 | 787844 |
| Машини и транспортни уреди | 2174372 | 2741645 | 3143088 | 2607065 | 4034430 |
| Разни готови производи | 20148 | 119165 | 140849 | 236509 | 771119 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 174164 | 62121 | 16040 | - | 9610 |
| Вкупно | 5 867 046 | 8 302 493 | 11 345 297 | 10 117 212 | 15 541 833 |

Извор: State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=14&rbrObl=23

Како што може да се види од табелата, доминантно учество во структурата на извозот од Република Северна Македонија во Украина имаат категориите: хемиски и сродни производи (што се должи на зголемениот извоз на лекови), производи класирани според материјалот (што се должи на зголемениот извоз на производи од железо и челик), машини и транспортни уреди  (што се должи на зголемениот извоз на електрични акумулатори) како и храна и живи животни (што се должи на зголемениот извоз на зелка и сличен зеленчук, свеж или разладен како и останати производи за исхрана). Увозот, пак во Република Северна Македонија од Украина за периодот 2012-2021 година, расчленет по категории на производи во апсолутни износи,  е прикажан во табела 3:

***Табела 3. Увоз во Република Северна Македонија од Украина (во евра)***

| **Производи** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | 260537 | 318012 | 133627 | 211529 | 3224793 |
| Пијалаци и тутун | - | - | - | - | 216 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 442860 | 567352 | 248017 | 1085399 | 1395173 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 2783583 | 379495 | 497729 | 410227 | 42020 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | - | 739081 | 722817 | - | - |
| Хемиски и сродни производи | 987380 | 1283744 | 270238 | 108130 | 316050 |
| Производи класирани според материјалот | 60530354 | 64121381 | 76474350 | 42865911 | 35656840 |
| Машини и транспортни уреди | 1847114 | 1304013 | 886074 | 1180439 | 701113 |
| Разни готови производи | 222406 | 914582 | 465986 | 181332 | 428639 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 181576 | 3398 | 160991 | - | 182 |
| Вкупно | 67 255 808 | 69 631 057 | 79 859 829 | 46 042 968 | 41 765 025 |
| **Производи** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** |
| Храна и живи животни | 7516372 | 2377436 | 7259142 | 2560031 | 2902072 |
| Пијалаци и тутун | - | 2693 | 133154 | 487865 | 611373 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 1773134 | 1957684 | 1644551 | 1098707 | 1187075 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 192507 | 931799 | 1264639 | 1177986 | 783218 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 51788 | 33082 | - | 38500 | 847771 |
| Хемиски и сродни производи | 1276063 | 1082720 | 1938105 | 1350655 | 3770088 |
| Производи класирани според материјалот | 49103707 | 93385923 | 108479265 | 80434125 | 114005571 |
| Машини и транспортни уреди | 1392731 | 3690921 | 2805769 | 1656751 | 1942637 |
| Разни готови производи | 718796 | 1142420 | 922871 | 929931 | 1464735 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | - | 9092 | - | - | - |
| Вкупно | 62 025 098 | 104 613 768 | 124 447 495 | 89 736 178 | 127 514 539 |

Извор: State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=14&rbrObl=23

Согласно податоците од Државниот завод за статистика презентирани во оваа табела, Република Северна Македонија од Украина најмногу увезува плоснато-валани производи од железо или нелегиран челик како и шипки и прачки од железо и нелегиран челик (класифицирани во категоријата производи класирани според материјалот) како и поливинил хлорид, неизмешан со други материи (класифицирани во категоријата хемиски производи).

## 3. КОМПАРАТИВНА ПРЕДНОСТ ВО ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И УКРАИНА

Заради утврдување на категориите на производи со компаративна предност во трговијата меѓу Република Северна Македонија и Украина, применета е формулата на Balassa (1965)[12], при што Балаша индексот е пресметан како однос меѓу учеството на одреден производ во извозот на земјата во друга земја, со учеството на тој производ во вкупниот извоз на земјата, со користење на Стандардната меѓународна трговска класификација т.е.:

$$BI = \frac{x_{ij}^{k} / X_{ij}}{x^{k} / X_{j}}$$

каде:

$x_{ij}^{k}$ - извоз од земјата $i$ во земјата $j$ на производот $k$

$X_{ij}$ - вкупен извоз од земјата $i$ во земјата $j$

$x^{k}$ - вкупен извоз на производот $k$

$X_{i}$ - вкупен извоз од земјата $i$

.

Резултатите од пресметката со примена на Балаша индексот се прикажани во табела 4:

***Табела 4. Компаративна предност во трговската размена меѓу Република Северна Македонија и Украина***

| **Производи** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | **1.04** | **1.51** | **3.18** | 0.44 | **1.53** |
| Пијалаци и тутун | **1.10** | 0.18 | 0.24 | 0.79 | **2.91** |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 0 | 0.06 | - | 0.20 | 0.12 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 0 | - | 0.01 | 0.01 | |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 0.54 | - | - | - | |
| Хемиски и сродни производи | **2.58** | 0.17 | 0.33 | 0.58 | 0.58 |
| Производи класирани според материјалот | 0.85 | 3.23 | 1.56 | 0.17 | 0.49 |
| Машини и транспортни уреди | 0.02 | 0.35 | 1.72 | 3.09 | 1.91 |
| Разни готови производи | - | 0.01 | 0 | 0.02 | 0.01 |
| **Производи** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** |
| Храна и живи животни | **3.12** | **-** | **2.84** | **3.00** | **3.11** |

[12] Balassa. B, *Trade liberalization and revealed comparative advantag*e. The Manchester School of Economic and Social Studies, (1965).

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пијалаци и тутун | **2.10** | **-** | **3.01** | **1.44** | **2.98** |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 0.09 | - | 0.12 | 0.11 | 0.14 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | | - | - | 0.01 | 0.01 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | | - | - | | |
| Хемиски и сродни производи | **1.16** | **-** | **1.64** | **1.77** | **1.37** |
| Производи класирани според материјалот | 0.30 | - | 0.30 | 0.36 | 0.32 |
| Машини и транспортни уреди | 1.26 | - | 0.84 | 0.78 | 0.85 |
| Разни готови производи | 0.02 | - | 0.10 | 0.19 | 0.48 |

Извор: Пресметка на авторите.

Во периодот од 2012 до 2021 година, Република Македонија има компаративна предност во размената со Украина во категоријата храна и живи животни, што се должи на зголемениот извоз на зголемениот извоз на зелка и сличен зеленчук, свеж или разладен како и останати производи за исхрана. Во анализираниот временски период, компаративна предност е регистрирана и кај категоријата пијалоци и тутун. Од периодот 2017-2021 година, компаративна предност е регистрирана и кај категоријата хемиски производи што се потврдува преку зголемениот извоз на лекови од Република Северна Македонија во Украина.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Војната меѓу Русија и Укрина предизвика потреси и во македонската економија. Цените драстично се зголемија и тоа не само на енергенсите, туку и на основните прехранбени продукти со оглед на тоа што Украина е еден од најголемите светски производители на пченица. Украина е мошне важен трговски партнер на земјава, иако во периодот 2018 – 2021 година не спаѓа во листата на првите 20 земји со кои нашата држава остварува најголем обем на трговска размена. Покриеноста на увозот со извоз за 2020 година е 11.2%, додека за 2021 година е минимално повисока и изнесува 12.1%, што укажува на неизбилансираност меѓу извозот и увозот, односно значително повисок увоз отколку македонски извоз во оваа земја со местоположба во Источна Европа. Емпириската анализа покажа континуиран трговски дефицит на македонска страна во трговската размена со Украина. Во анализираниот временски период (2012-2021), Република Северна Македонија има компаративна предност во трговската размена со Украина во неколку категории и тоа: храна и живи животни, пијалоци и тутун и хемиски и сродни производи. Пресметаната компаративна предност се потврдува преку зголемениот извоз на зелка и сличен зеленчук, свеж или разладен како и останати производи за исхрана и лекови.

## ЛИТЕРАТУРА

Ballance, R.H., Forstner, H., & Murray, T. (1987). Consistency tests of alternative measures of comparative advantage. Review of Economics & Statistics, vol.69, pp.157-161.

Bella, B. (1965). Trade liberalization and revealed comparative advantage, The Manchester School of Economic and Social Studies, vol.33, pp. 99-123.

Gligorov, V. (2017). Macedonian Exports, Research Report 420, Wiener Institut für Internationale Wirtschaftsvergleiche, https://wiiw.ac.at/macedonian-exports-dlp-4275.pdf, 2017.

Harry, B. (1983). On the theoretical interpretation of indices of trade intensity and revealed comparative advantage, Review of World Economics, vol.119, pp. 464-472.

Hinloopen, J., & Van Marrewijk, C. (2001). “On the Empirical Distribution of the Balassa Index”, Weltwirtschaftliches Archiv, 137, 1-35.

Hoekman, B., & Djankov, S. (1997). “Determinants of the Export Structure of Countries in Central and Eastern Europe”, World Bank Economic Review, 11, 471-87.

Kacarski, E.M. (2018). Revealed comparative advantage in trade between the Republic of Macedonia and CEFTA 2006, Economic Review – Journal of Economics and Business, Vol. XVI, Issue 1.

Kostoska, O., & Hristoski, I. (2018). Trade dynamics, revealed comparative advantage, and international competitiveness: evidence from Macedonia, Economic annals, Volume LXIII, No. 218 / July – September 2018 UDC: 3.33 ISSN: 0013-3264.

Lesia P., Olena B., Iryna H.,& Ihor, O. (2021). Economic productivity and competitiveness of Ukrainian exports due to the global challenges, SHS Web of Conferences 107, 01002.

Ramadani, N., & Madzova, V. (2018). "Trends and Challenges of Export Performance in The Republic of Macedonia". UBT International Conference. 328.

State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia[Online].(2022)Available from: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=14&rbrObl=23

Vollrath, T.L. (1991). A Theoretical Evaluation of Alternative Trade Intensity Measures of Revealed Comparative Advantage, Weltwirtschaftliches Archiv, 130, 265-79.